# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
СКОПЈЕ

**09 април 2026 | Излегува по потреба | Година XXI | број 4**



**e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk    http://www.gazibaba.gov.mk**

**О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А**
Сектор за урбанизам и градежно земјиште
Одделение за урбанистичко планирање
Бр.28–3/990/5 од 31.03.2025 година
**С К О П Ј Е**

**ПРЕДМЕТ: Потврда за одобрување на Урбанистички проект за село за формирање на градежна парцела со намена В1.1 - Основно школо на КП 663/1, дел од КП 663/2, дел од КП 664/2, КО Јурумлери; дел од КП 456/1 и дел од КП 470, КО Идризово, согласно Општ акт за село Јурумлери (Одлука бр.09-2003/6 од 20.05.2015), Општина Гази Баба, Скопје**

Согласно член 62, став 7 и став 10, од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 32/2020, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), се одобрува Урбанистички проект за село за формирање на градежна парцела со намена В1.1 - Основно школо на КП 663/1, дел од КП 663/2, дел од КП 664/2, КО Јурумлери; дел од КП 456/1 и дел од КП 470, КО Идризово, согласно Општ акт за село Јурумлери (Одлука бр.09-2003/6 од 20.05.2015), Општина Гази Баба, Скопје, со тех.бр.0801-32-12/25 од 03/2026 година, со површина на проектен опфат од 16775м2**,** односно 1.68ха., изработен од Друштво за производство, трговија и услуги ИВАНОВ ИНЖИНЕРИНГ ДОО Битола, доставен преку информациски систем за е-урбанизам број на постапка бр. 78267.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

**Бобан Стефковски**

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
Сектор за урбанизам и градежно земјиште
Одделение за урбанистичко планирање
Бр.28–3/223/14 од 24.03.2026 година
**СКОПЈЕ**

# ПОТВРДА

Согласно Член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), се потврдува одобрување од урбанистички аспект на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.1-Сообраќајни патни инфраструктури - пристапен пат до гробишта Камник, КО Сингелиќ 3, Општина Гази Баба, со тех. број 46/2025 од Март 2026 година и број на постапка во е-урбанизам 74608, а врз основа на Позитивно мислење од Комисија за урбанизам бр. 28-3/223 од 22.01.2026 година

(се наведува видот на документацијата и технички број)

изработен од ИН-ПУМА Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ДООЕЛ Скопје

(се наведува изработувачот на документацијата)

Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план

(се наведува видот на документацијата)

со барање бр.0301-268/3 од 04.09.2025 година

(се наведуваат архивскиот број и датум на барањето)

**Напомена:** Со оваа Потврда престанува да важи Потврдата со арх. бр.28-3/223/10 од 09.03.2026 година. (поради техничка грешка)

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

Бобан Стефковски

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
Сектор за инспекциски работи - инспекторат
ИП1 бр.34-87 од 09.04.2026 година
С К О П Ј Е

Секторот за инспекциски работи - инспекторат, преку овластен просветен инспектор на Општина Гази Баба, врз основа на член 84 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр.124/2015), врши достава со

**Ј А В Н А О Б Ј А В А**

**на Покана за странка ИП1 бр.34-87 од 30.03.2026 година**

"ПОКАНА ЗА СТРАНКА

До Саманта Амет

Се повикува лицето Саманта Амет со место на живеење во Скопје, на улица „Перо Наков" бр.2, родител на ученикот Брендон Амет од V-годделение ООУ„Стив Наумов"-Скопје.

ЦЕЛ НА ПОКАНАТА:
Спроведување на службен разговор по сторен прекршок по член 8 став 2 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25 и 250/25).

ТЕРМИН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОКАНАТА:
**16.04.2026г. (четврток) во 10:00 часот,**во Сектор за инспекциски работи на Општина Гази Баба, ул.„Архимедова"бр.2 Скопје, во службената канцеларија на општинскиот просветен инспектор.

ПРЕДМЕТ НА ПОКАНАТА:
Овозможување на своето дете да ја исполни обврската за задолжително основно образование и воспитание,согласно член 8 став (2) од Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19, 229/20, 3/25,74/25 и 250//25).

Согласно член 168 став 4 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19, 229/20, 3/25,74/25 и 250/25) кој гласи*: Глоба во износ од 200 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на родителот, односно старателот ако не му овозможи на своето дете дајаисполниобврскатазазадолжителноосновнообразование и воспитание (член 8 став 2 од овојзакон)*.

**НАПОМЕНА:** Доколку не се отповикате на уредно доставената Покана за странка ќе се поведе прекршочна постапка поради сторен прекршок согласно член 44 и член 45 од Законот за прекршоците („Сл.весник на РСМ"бр. 96 /2019,253/2023,13/26 и 26/26)година.

**Забелешка:** Со себе задолжително да понесете документ за идентификација (лична карта) или патна исправа (пасош). Во случај на спреченост, должни сте веднаш да го известите овој орган, во спротивно за неотповикување на оваа покана, ќе се применат законски мерки.

ДАТУМ: 30.3.2026г. Општински просветен инспектор
МЕСТО: Скопје Александра Спасеска "

СЕ ПРЕДУПРЕДУВА лицето Саманта Амет од Скопје, со адреса на ул."Перо Наков" бр.2 дека ваквиот начин на доставување се смета за уредна достава и дека негативните последици кои можат да настанат ќе ги сноси самата странка.

Општински просветен инспектор,
Александра Спасеска, с.р.

# СОДРЖИНА

**ОБЈАВИ** од секторот за урбанизам и градежно земјиште . . . . . . . . . 1

**ЈАВНА ОБЈАВА** . . . . . . . . . 3

**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/26**

Издавач Општина Гази Баба | Уредува сектор за правни и општи работи
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж :10 примероци